**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

1409 - 20/8
03. 07. 2017

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Бизнис информатика" втор циклус студи на Факултет за информатика, Прв приватен универзитет - ФОН - Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Бизнис информатика" втор циклу студии на Факултет за информатика, Прв приватен универзитет - ФОН - Скоп** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области споре меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредба за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршењ високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/1 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една годин (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер на науки по бизни информатика,** Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Компјутерск техника и информатика, научно - истражувачка област: 11000 - 11010, 21200 - 21207.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
# НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за информатика, втор циклус студиска програма „Бизнис информатика", на 27.01.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Gorazd Rosoklija

Проф. д-р Горазд Росоклија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
СКОПЈЕ
Примено: 14.07.2017
03/1147/7-1